ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Министерство за внатрешни работи

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност сметката на основен буџет (631)

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- СВР Скопје има доставено Извештаи за издадени обрасци и регистарски таблици до Одделот за финансиски прашања заклучно со 31.12.2018 година, поради што не е извршено навремено намалување на залихите на обрасците и регистарските таблици во финансиските извештаи,
- Приходите од издавање на пасоши, лични карти, возачки дозволи, сообраќајни дозволи, регистарски таблици и останати обрасци, не се евидентираат согласно основот по кој истите се остваруваат.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Со извршената ревизија за 2020 година, изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

**Клучни препораки:**
- Да се воспостави аналитичка евиденција на приходите согласно основот по кој се остваруваат,
- Да се воспостави контролен механизам за следење на извршените уплати и издадените обрасци и да се врши периодично усогласување.

**Клучни системски слабости:**

Системска слабост која се однесува на меѓусебна неусогласеност на законските акти кои го уредуваат правото на отпремнина која се исплаќа на вработениот при заминување во пензија.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Од страна на овластеното лице на Министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

Забелешката е разгледана и утврдено е дека претставува известување за преземените активности за надминување на констатираната состојба во Нацрт извештајот.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување